симпозиуми од овој вид да бидат посветени на конкретни теми од поедини области од наставата по историја, за да биде работата повеќе продлабочена и корисна. Можеби уште на овој симпозиум требаше да се постави задача во таа насока, како би се вршеле подготовките на време и успешно.

Третиот ден од работата на симпозиумот беше посветен на научна екскурзија до културно-историските споменици во Нови Сад и околината, како и во Сремски Карловци и околината, од што присутните останаа мошне задоволни.

**Д. Л.**

## СИМПОЗИУМОТ — „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ И МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО РЕВОЛУЦИОНЕРНОТО ДВИЖЕЊЕ"; ШТИП 8, 9 и 10 ноември 1972 година

По повод 100 годишнината од раѓањето на великанот на македонското национално - революционерно движење Гоце Делчев (1872—1972) на 8, 9 и 10 ноември 1972 година во Штип се одржа научен собир под наслов „Гоце Делчев и македонското национално-революционерно движење". Организатор на симпозиумот беше Македонската академија на науките и уметностите, Институтот за национална историја — Скопје и Собранието на град Штип.

На 8. XI. 1972 година во 16 часот во просториите на амфитеатарот на Педагошката академија „Гоце Делчев" во Штип симпозиумот свечено го отвори академикот Кирил Миљовски, претседател на Одборот за прослава на горенаведената научна средба. Меѓу другото, академикот Миљовски ги поздрави присутните гости на симпозиумот — Ванчо Апостолски, потпретседател на Собранието на СРМ, д-р Деса Миљовска, републички секретар за култура, Љупчо Арсов, Александар Грличков и Фируз Назим, членови на Советот на федерацијата, Боро Денков, член на Секретаријатот на ЦК на СКМ и други општествено-политички и културни работници. Учесниците и гостите на симпозиумот ги поздрави и им пожела успешна работа Милан Хорват, претседател на Собранието на град Штип.

Потоа учесниците и гостите на симпозиумот во Ново Село, пред зградата на Основното училиште „Гоце Делчев" (сега „Тошо Арсов"), каде Гоце учителствувал од 1894/96 година, положија венец на спомен-релјефот на Гоце Делчев. За учителската дејност на Гоце Делчев во Штипско зборуваше Благоја Цветковски. Веднаш потоа учесниците на симпозиумот и граѓаните на град Штип присуствуваа на свеченото отворање на галеријата на икони во црквата „Успение на Света Богородица".

На научниот собир со реферати настапија 27 научни работници. Нивните кратки резимеа беа изнесувани од самите референти на 9 и 10. XI. 1972 година во претпладневните часови, додека во попладневните се водеше жива и мошне интересна дискусија.

Ликот на Гоце Делчев, неговата активност и потполна преданост на револуционерното дело, беше ана-

лизирано и разгледувано во рефератите на учесниците на симпозиумот, од најразлични аспекти. Во таа смисла според степенот на обработката и времето кое го опфаќаат презентираните реферати, можеме да ги поделиме на неколку групи.

Во првата и најголема група спаѓаат рефератите што директно се однесуваат на времето во кое живееше и дејствуваше Гоце и третираат одредени проблеми, настани и активности на самиот Гоце. Во таа смисла со свој реферат настапи д-р Данчо Зографски — „Гоце Делчев — идеолог и стратег на македонското национално-револуционерно движење", истакнувајќи го Гоце „како идеолог и стратег на македонското национално-ослободително движење, производ на својата средина и време и актер за натамошен развиток на македонското општество".

Академикот Михајло Апостолски во својот реферат „Гоце Делчев за стратегијата и тактиката на национално-револуционерното движење во Македонија" изнесе интересни констатации дека „Гоце Делчев по принцип не е против општо востание, но Гоце е за секојдневни, по форма многу разновидни акции, кои вооружената борба систематски ќе ја засилуваат, таа постојано да расте по интензитетот, и да се шири по просторот на дејствувањето на целата територија на Македонија". Гоце добро знаел, истакнува понатаму академикот Апостолски, дека народот не е подготвен за востание, а од друга страна, не бил доволно наоружан. Исто така добро знаел дека востание без сојузници против Османската империја не ќе може да вроди плод. За таа цел, како не успеал да најде сојузници против турската држава, Гоце сакал да ја избегне оваа катастрофа на македонскиот народ за да не би ја изгубил довербата на народот, да не би се пролевало залудно крв. Преведено со речникот на Втората светска војна, Гоце не бил за фронтална борба во почетокот на нашето национално-ослободително движење, кое подоцна ќе треба да се омасови и прерасне во општонародно востание — заклучува академикот Апостолски.

Обидите на Гоце Делчев да воспостави врски и соработка со Ерменците за заедничка борба против Османската империја, најдобро се согледуваат преку рефератот на д-р Манол Пандевски „Македонското и Ерменското револуционерно движење" каде Пандевски Гоце го претставува како еден од иницијаторите на македонско-ерменската соработка.

Со интерес и внимание беше следено излагањето на д-р Глигор Тодоровски „Вооружените подготовки на ТМОРО за востание (1893—1903)". Во своето излагање авторот мошне опстојно зборуваше за вооруженоста на ТМОРО, начинот и средствата за снабдување на оружје, изработката на бомби и експлозивен материјал, канализирање на оружјето, кореспонденцијата, формирањето на организациони чети и местото и улогата на Гоце во сето тоа.

Внимание побуди и рефератот на д-р Крсте Битоски „Гемиџиите и нивните односи со Гоцета и Македонската револуционерна организација". Битоски во своето кратко резиме зборуваше за односите на Гемиџиите во ЦК на ТМОРО, особено со крајно неподносливиот однос со Иван Гарванов, кој ги про-

гонувал, ја спречувал нивната активност и на секој начин гледал да им наштети. Од друга страна, пак, Гоце ги симпатизирал и материјално и морално ги помагал сметајќи дека ќе дејствуваат во рамките на Организацијата и барал од нив да се активираат во моментот кога тоа ќе е најпотребно за општото дело на македонскиот народ.

Силен впечаток предизвика рефератот на академикот Љубен Лапе „Кореспонденцијата на Гоце Делчев како извор за некои страни од неговата личност и активност". Академикот Лапе следејќи ја Делчевата личност и активност преку неговата кореспонденција, дава податоци за средствата и методите во снабдувањето со оружје на Организацијата, потоа за односот на Гоце кон Врховниот комитет и кон владата на Бугарија, потоа податоци за приликите во Македонија при крајот на XIX и почетокот на XX век, податоци за Делчевата „потполна преданост на револуционерното дело, неговата загриженост да се запази достоинството на секој организационен работник од надвор, неговата потполна чесност и исправност при манипулирањето со парични средства на Организацијата, неговата скромност да се смета за обичен работник и во никој случај да не го исползува делото за свои цели, неговата истрајност и длабока вера во крајната победа на каузата за која се бори".

Со својот реферат „Научен и ненаучен пристап на македонското национално движење" академикот Кирил Миљовски категорички истапи против тврдењето на некои познати бугарски историчари дека целта на македонското националноослободително движење било присоединување кон Бугарија и дека Илинденското востание претставува второ Априлско бугарско востание. Во одговор на овие претенционистички тврдења на бугарската историографија, академикот Миљовски истакнува дека целта на Македонското национално - ослободително движење било добивање на потполна самостојност на Македонија или автономна Македонија во составот на турската држава или во составот на една балканска федерација.

Особен интерес предизвика излагањето на д-р Орде Иваноски „Влијанието на социјалистичките идеи од XIX век врз идејното оформување и революционерното дејствување на Гоце Делчев". Иваноски истакна дека „влијанието на социјалистичките идеи кај Гоце Делчев се изразуваа многострано во неговите осмислувања на македонската револуција и нејзиниот карактер, во изградувањето тактиката и стратегијата на револуционерната организација во определувањето на својот однос за улогата на народните маси во востанието, во односот спрема народностите, спрема завојувачката политика на балканската буржоазија и големите сили и кон другите поважни проблеми и прашања сврзани со националното ослободување и државноста на Македонскиот народ. Овие свои социјалистички разбирања Гоце отворено ги проповедуваше и творечки применуваше во својата секојдневна револуционерна пракса како идеен предводник на македонското ослободително движење. Гоце Делчев револуционерната борба во Македонија ја осмисли и постави на такви широки интернационални револуционерни основи што на македонското револуционерно движење

му даде антиимперијалистички револуционерно-демократски карактер".

Д-р Методија Тројачанец во своето кратко резиме од рефератот „Некои познати досега искажувања на Ѓорче Петров за Гоце Делчев" изнесе некои фрагменти од Делчевата биографија напишана уште 1919 година од неговиот најблизок соработник и другар Ѓорче Петров. Авторот навести дека во најскоро време целосно ќе ја објави Делчевата биографија од Ѓорче Петров на 74 страници.

Со посебно внимание беше следен рефератот на д-р Војо Кушевски „Личноста на Гоце Делчев во нашата настава по историја — некои дидактички опсервации", особено од наставничкиот кадар. Во таа смисла беше и рефератот на Благоја Цветковски „Просветната и педагошката работа и лик на Гоце Делчев".

Потоа со свои реферати настапија: Професорот д-р Александар Апостолов „Лесновскиот манастир — важен револуционерен пункт во Злетовската област во национално-револуционерниот период (1893—1912)", д-р Климе Џамбазовски „Српски дипломатски извори за Гоце Делчев", д-р Ристо Поплазаров „Некои прашања од идеолошко-политичките и организационите идеи и дејности на Гоце Делчев", м-р Владо Картов „Некои прашања за улогата на Гоце Делчев во организационото оформување и омасовување на Македонското национално-револуционерно движење со посебен осврт во Гевгелиско-Дојранскиот крај", Димитар Димески „Делчевата мисија во Костурско и Леринско 1901—1902 година", Боро Мокров „Гоце Делчев и македонскиот революционерен печат", Арпад Лебл „Предилинденските борби и загинувањето на Гоце Делчев во печатот на Унгарија (јануари—мај 1903)" и Роберт Шванке (Австрија) „Гоце Делчев и Македонското национално и револуционерно движење во светлината на австриските извори".

Идеите и влијанието на Гоце Делчев за политичкото единство на македонскиот народ изразени во нашата Народноослободителна борба беа предмет на излагања во рефератите на: Галена Куцуловска „Одраз на идеите на Гоце Делчев во Народно-ослободителната војна на Македонија", Ристо Кирјазовски „Гоце Делчев во документите и печатот на Народноослободителниот фронт на Македонците од Егејска Македонија (1945—1949)", и Ѓорѓи Димовски — Цолев „Врастеноста на револуционерниот лик на Гоце Делчев во НОБ во Битолско".

Третата група на реферати го третираа одразот на личноста и ликот на Гоце Делчев во народното и уметничкото творештво. Во таа смисла со свои реферати настапија: Танас Вражиновски „Историски предании за Гоце Делчев", Воислав Јакоски „Општонародната љубов кон Гоце Делчев одразена во македонските народни песни", Нико Този „Гоце Делчев, во современата македонска ликовна уметност" и Мишо Китаноски „Гоце во Македонската литература за деца".

На симпозиумот свои реферати доставија и Славка Фиданова „Идеите на Гоце за политичкото единство на македонскиот народ и народностите во Македонија изразени во НОБ и НР" и Јаника Пшчулковска-Симитчиева (Полска) „Идеите на

Гоце Делчев и Народно-ослободителната борба на македонскиот народ во полскиот печат“, но поради службени причини тие беа спречени да ги читаат.

Посебно интересна и богата беше дискусијата која се разви во попладневните часови. Дискутантите покренуваа најразлични прашања и проблеми во врска со дејноста на Делчев и македонското национално-ослободително движење, анализирајќи го ликот на Делчев од најразлични аспекти.

Беа поставени и расветлени многубројни прашања. Жива дискусија се водеше околу прашањето колку оружје би можело да има во Македонија непосредно пред Илинденското востание. Во одговор на ова прашање д-р Манол Пандевски истакна дека пред самото востание во Македонија имало приближно околу 15 илјади пушки од кои само 10 до 11 илјади во битолскиот револуционерен округ.

Согледувајќи ја целокупната Делчева активност во македонското национално-ослободително движење, Гоце беше окарактеризиран како истакнат организатор и пропагатор, како идеолог и воопшто како народен водач.

Треба да подвлечеме дека градот домаќин Штип се покажа како добар „домаќин“ на една ваква значајна манифестација. Во таа смисла мошне интересна и привлечна е желбата на Ванчо Дубровски, директор на Педагошката академија „Гоце Делчев“ во Штип градот Штип во иднина да биде постојано домаќин на една традиционална манифестација, можеби наречена — Гоцеви средби.

На крајот сметаме дека на симпозиумот беа вложени огромни напори и сили за да се објаснат многубројните настани и моменти од овој период на македонската историја, за објективно прикажување на нашето историско минато. На симпозиумот беа дискутирани разновидни прашања, а се даде акцент на оние што треба во иднина да се истражуваат.

**А. Т.**